РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1348/2
26-07-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-ма седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1348/1 од 09.04.2024 година, против Основното јавно обвинителство во ------------------, поради незадоволство од донесено решение за отфрлање на кривична пријава поднесена против --------------------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување поради тоа што за предметниот случај постапиле други надлежни органи и донеле акти во нивно надлежност .

По однос на наводите за незадоволство од решението донесено од основниот јавен обвинител, ДКСК предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување на Советот на јавни обвинители на РСМ.

Предметот со број 12-1348/1 од 09.04.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 17.08.2023 година, поднесена е електронска пријава по која е оформен предмет со број 12-1348/1, во која се содржани сомневање дека Основното јавно обвинителство ---------, донел противправно решение, со кое ја отфрлил кривичната пријава поднесена од сега подносителот, против --------------------------, вработен во Општина -----------, во Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат --------------, на работно место-Општински инспектор за патишта. Подносителот во пријавата наведува дека до Основното јавно обвинителство -----------, поднел кривична пријава против инспекторот во Општина ------------ за сторено

кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овлстувањето" од член 353 ст.1 од Кривичниот Законик и не е задоволен од решението донесено од ОЈО ------------.

ДКСК ја разгледа пријавата и доставената прилог документација, врз основа на која ја утврди следната фактичка состојба: на 04.08.2023 година, подносителот поднел Барање за постапување по повод непочитување на Законот за урбанистичко планирање, заведено под бр.ИП -------- до Одделението за просторно, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на Општината -------------, кое се препратил до Одделение за инспекциски надзор-Инспекторат ---------------, а на 11.08.2023 година се известил и подносителот на барањето дека не е надлежен за постапување.
По приемот на известувањето испратено од пријавениот, подносителот на пријавата преку емаил, повторно испратил претставка, заради постапување и упатување на неговото барање до надлежниот орган. По приемот на претставката пријавениот извршил инспекциски надзор на лице место заради утврдување на фактичката состојба, а со тоа и утврдување кој орган би бил надлежен за конкретното постапување. Пријавениот при извршување на инспекциски надзор, изработил фотографии и Записник за извршен инспекциски надзор бр.ИП----------- од 17.08.2023 година и констатирал дека нема прекршување на Законот за јавни патишта и дека не е надлежен да постапува, бидејќи за неправилно паркирање возила, надлежна да постапува е Сообраќајната полиција. Поради горенаведеното, пријавениот(--------------------) со допис ИП ------------- од 17.08.2023 година, барањето го препратил до Државниот пазарен инспекторат-Одделение за инспекциски надзор -------------- за постапување, со цел одговарање на барањето на оштетениот, како е издадена дозвола за отворање на деловен простор кога не се исполнети основните услови за тоа(паркиг простор). На 17.08.2023 година со допис ИП -------------, кое -------------------- го примил преку пошта на 21.08.2023 година(што е видно од доставницата), инспекторот -------------------------------------, повторно го известил оштетениот -------------------------, дека како инспектор за патишта нема надлежност околу издавањето дозволи за отварање деловен простор и исполнување на минимално технички услови и дека неговото барање го препратил до Државниот пазарен инспекторат-Одделение за инспекциски надзор ----------, а во врска со проблемот околу непрописно паркирани возила го изветсил дека надлежна е Сообраќајната полиција и дека оштетениот треба да се обрати до СВР ------------.
Државниот пазарен инспекторат ја известил Општина ------------ Одделение за инспекциски надзор-Инспекторат, дека нема законска надлежност да постапува по основите наведени во поднесокот доставен до Општинскиот инспектор. Понатаму пријавениот инспектор со Допис ИП -------------- од 05.09.2023 година, пријавата за непрописно паркирање на возила на улицата ја препратил до МВР СВР ---------- ПС БПС ----------, за што го известил и -------------------, како подносител на пријавата .

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

------------------------------- се обратил и до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам во Скопје, од каде се изјасниле дека нема надлежност да постапуваат и со допис арх.бр.----------- од 05.09.2023 година, Барањето го препратиле на надлежност за постапување до Градоначалникот на Општина -------- - Одделение за спроведување на урбанистички планови-за постапување во врска со непочитување на Законот за урбанистички планови, а до СВР ------------ Одделение за сообраќајна полиција-за попречување на сообраќајот со ненаменско користење на сообраќајните површини со паркирање возила на улицата. Истиот допис е испратен и до Кире Николовски заради известување на истиот.
Општина ---------- - Одделение за спроведување на урбанистички планови и повторно го препратил до Одделението за инспекцсики надзор-сообраќаен инспектор, меѓутоа -------------------------- како општински инспектор веќе имал постапено по истото барање во предметот ИП --------------- и констатирал дека нема надлежност да постапува по барањето како инспектор за патишта.

Подносителот на пријавата -------------------, незадоволен од постапувањето по предметот ИП ------------ заведен во општината, поднел иницијатива ИП1 бр.--------------- од 23.08.2023 година, со која се обратил до Државниот управен инспекторат Скопје за вршење инспекциски надзор. По ова е постапено од надлежниот орган и на 05 и 06.09.2023 година извршен е вонреден инспекциски надзор при што било констатирано дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор. Исто така, подносителот поднел и кривична пријава против лицето --------------------, вработено во Општина ------------ на работно место - општински инспектор за патишта, поради сомневање за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластувањето“ од член 353 ст.1 од Кривичниот Законик.
Основното јавно обвинителство --------------, постапило по поднесената кривична пријава и донело Решение за отфрлање на истата од причиан што констатирал дека во преземените дејствија на пријавениот ---------------------------------, не се содржани обележја на кривично дело предвидено по член 353 став 1 од Кривичниот Законик.

При разгледување на пријавата, ДКСК констатира дека за случајот постапиле други надлежни органи и донеле акти од своја надлежност, а од содржината на пријавата не може да се утврди дека од страна на подносителот на пријавата, како оштетена страна, било искористено правото на жалба кое е дадено како правна поука во предметното Решение на ОЈО ----------------, согласно кое тој можел да ја поднесе преку ова обвинителство до Вишото јавно обвинителство во Битола. Што се однесува до наводите за незадоволство од решението донесено од основниот јавен обвинител, ДКСК констатира дека истите не се предмет на нејзино надлежно постапување од причина што, по истите

друг орган е надлежен да постапува, а предметната пријава ќе се достави на надлежно постапување на Советот на јавни обвинители, кој согласно своите законски надлежности одлучува за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител .

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: Ф.Ј, советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата